# МАТЕРИЈАЛИ

Михајло МИНОСКИ

## ЕДЕН ДОКУМЕНТ ОД МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ГРУПА ОД 1897 ГОДИНА ЗА ПОСЕБНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

(Повик на сенародна вооружена борба за ослободување и создавање независна Македонска Република.)

Македонската револуционерна социјалистичка група се појави во 1893 година[1] во Софија, во време кога во Македонија беше основана тајна Македонска револуционерна организација (МРО). Со систематска јавна пропагандна дејност започнува во 1895 година, кога го објавува и првиот број на нејзиното гласило-весникот "Револуција"[2], каде беше публикувана програмата за дејствување.[3] Во програмата на МРСГ беа содржани суштествените елементи на една македонска национална револуционерна програма: ослободување на македонскиот народ и создавање на самостојна македонска држава. Групата ја пропагираше идејата да го подготвува и да го подготви македонскиот народ на вооружена револуционерна борба за национално политичко и социјално ослободување и за самостојна и независна македонска држава.[4]

Кон крајот на април 1987 година по повод меѓународниот ден на трудот 1 мај, Денот на светскиот пролетеријат, а под непосредно влијание на Критското востание и закануавчката опасност за македонскиот народ од балканските држави, по потпишувањето на тајниот бугарско-српски договор за поделба на Македонија на подрачја на интересни, во февруари истата година, МРСГ објави Повик до македонскиот народ да го земе в раце оружјето и да се бори за своето политичко и социјално ослободување и државно осамостојување, со убедување дека во својата борба може да смета на солидарност од трудбеничките маси од целиот Балкан: "од

---

[1] Михајло Миноски, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887-1919), Скопје, 1985, 30; Данчо Зографски, Васил Главинов и македонското социјалистичко и работничко движење, зб. Работничкото движење во Македонија до 1929 година, Скопје, 1971, 19-38; Југословенските социјалисти за македонското прашање, Скопје, 1962, 10

[2] В-к "Революция," (Орган на Македонските революционери), год., I, бр. 1, София, 28 II 1895.

[3] Наша програма.- "Революция," 28 VI 1895/ I, 1, 1- 2.

[4] За тоа во објавената програма се вели: "Ние ќе ја проповедаме идејата за создавање на една независна <u>Македонска Република</u>" (подвлечно од издавачот-ММ) / На истото место, 2.

Бугарија, Крит, Грција и Албанија” од светскиот пролетеријат, ““истинскиот носител на правдата, вистината, мирот и прогресот”. Го повикуваше во борбата за ослободување, со девиза: “Слобода или смрт”, при тоа единствено да смета “на своите сопствени сили.” Да не им верува на измамите на “продажните патриоти” кои во негово име, а против неговите интереси, настапуваа пред надворешните заинтересирани фактори. Предупредуваше дека тие и таквите елементи, “глупави патриоти,” работеа за туѓи интереси и “му подготвуваа ново ропство, нов јарем и пак маки и страдања”. Да не очекува ослободување од големите европски сили, од монархистичка Русија, а ниту од: Англија, Франција, Германија, Австрија и Италија, чиишто интереси беа да се одржи Османлиската држава. Во Повикот се предупредуваше на заграбувачките аспирации на владите на балканските држави кон Македонија, потврдени со потпишувањето на тајниот договор на владите на Кралството Србија и Кнежевството Бугарија, во февруари истата годината за поделба на интересни сфери, на кој што потоа му пристапи и Црна Гора, и дека тие гледаа на Македонија и на македонскиот народ како на свој плен, кој имаа намера “да го парчосуваат како месо.”

Македонските социјалисти-револуционери го повикуваа македонскиот народ на самостојна вооружена борба како “негово право да војува и да победи” како единствено сретство да ја извојува својата слобода и да создаде своја независна држава, “социјална република” - Македонска Република во основа, со ново, праведно и социјално општество, во кое ќе владее “правото и правичноста, науката и просветеноста.”

Деветнаесетти април / Први мај, празник на трудот.

ПОВИК

КОН МАКЕДОНСКИОТ РАБОТЕН НАРОД

Браќа Македонци !

Настапи часот, дојде и свечениот момент ! Насекаде веќе се слуша громкиот и страшен глас на правдата и разумот, глас сладок и привлечен.

Еј, сите вие угнетени народи !

Кревајте се, борете се машки за вашата слобода !

Подадете си братска рака, создадете свет сојуз за правда и слобода, и поведете непомирлива борба против народните душмани !

Денес сите цареви, папи, патријарси, потисници и мракобесци треперат пред победоносното свечено настапување на револуционерниот социјализам, чијшто близок триумф му дава кураж, верба и храброст на пролетеријатот кој е вистинскиот носител на правдата, вистината и прогресот !

Денес е Први Мај-празник на сите народи, кои го влечат тешкиот јарем на капиталистичкото ропство, гнасниот и одвратен режим на монархистичка Европа !

Денес е празник на сите угнетени и притеснети робја кои паѓаат под остриот јатаган на Турчинот-ѕвер, кои се превиткуваат под камшикот на козакот ! ..

Од едниот до другиот крај на светот, насекаде, сите народи се подложени на ограбување, насилства и гнасни варварства на крунисани и некрунисани цареви и министри !

Сите маки и страдања, сите пискотници и крици денес се слеваат во еден глас:

Да живее Први Мај ! Да живее социјалната револуција !- Таа света револуција која што ќе донесе триумф на светската социјална република, слобода, еднаквост и братство (Подвлечено во документот-ММ).

Денес од сите краишта на Бугарија и Македонија, Крит, Грција, Албанија; од Дунав до Бело Море, од Марица до Дрим и Вардар, се слуша еден сеопшт глас:

Да се бори кој како може
Со душманот на народот.

И ти, несреќен македонски народе ! Зарем не го слушаш тој свет завет за правда и слобода, за мир и спокојство, за радост и веселост што ти ги остави бестрашниот Христо Ботев?[5] Тој, Ботев кој од срце и душа го прегрна светото дело на револуцијата, на ослободителната социјална револуција. Тој голем и бестрашен балкански јунак, кој жртвуваше сè свое мило и драго за да ја пролее крвта за твојата слобода, за твојата слава и големина. Зарем не ја слушаш неговата милозвучна песна, неговиот бестрашен глас, што уште се разнесува по балканите, кој те повикува да ги земеш пушката и ножот и да им се светиш на Турците-кесимџии и на сите чорбаџии? Зарем уште ќе поднесуваш да те газат и бесчестат варвари-Турци, крстени и некрстени, да гледаш како те колат и како ги ограбуваат твоите браќа и сестри?

Разбуди се, стресни се и спаси се еднаш за секогаш од железните окови што те држат во незнаење и ропство, што ги убиваат твоите свети чувства за слобода и напредок. Впрегни ги своите сили и исчисти го тоа срамно петно за човекот.

Ах, каков срам, какво понижување човек да биде под ропство на еден глупав џелат, каков што е цариградскиот крвопиец Хамид ! Тој ист крвопиец кој ги уништи животите на повеќе од двесте илјади Ерменци (подвлечено во документот-ММ), на многу илјади Критјани и на уште колку ***Македонци*** ! (курзив-ММ)

[5] Името на Ботев, чиешто револуционерно дело им беше познато на македонските социјалисти-револуционери, беше издигнато како симбол на херојство и саможртвување за слободата и пример што требаше да повлијае мобилизаторски за претстојната вооружена ослободителна борба.

Зарем не го гледаш ти, беден народе, сиот тој срам и нечесност, тоа варварство и таа нечовечност? Зарем ќе ги оставиш и во иднина дивите турски орди да ограбуваат и колат, а ти да седиш со скрстени раце? Зарем во тебе не врие јадот и осветата? Дали во тебе не чука машко срце за да го земеш јатаганот в раце и на ударот да одговориш со удар, на ножот со нож?!

Ти, зарем не го слушаш повикот за слобода на угнетените работници во целиот свет кои стануваат против своите тирански управи и ти испраќаат тебе пламени поздрави за да се бориш храбро против црвениот, потонат до уши во крв, султан ?

*Најдрагоценото, најскапото и најсветото нешто за еден човек е неговата лична слобода; таа слобода е неопходна, бидејќи само преку неа тој може да стигне до највисокото совршенство на граѓанскиот живот, до највисокото човечко достоинство. Народ, кој нема слобода, не треба да го носи името народ. Тој треба или да исчезне или да живее, да живее во потполна слобода* !

*За секој народ е света должност да се бори и, ако треба, да умре за својата слобода* !

*На кого можеш да се надеваш за извојувањето на таа слобода, ти наш скапоцен угнетен народе, ако не на своите сопствени сили, на сопствените плеќи ? Зарем ќе се надеваш на сите оние "продажни патриоти"* (курзив-ММ) кои се вртат еднаш кон Русија, па кон Англија, Австрија или Франција ? Зарем ќе допуштиш да се експлоатира твоето име ? Зарем ти не разбираш од гласот на тие глупави патриоти кои ти подготвуваат ново ропство, нов јарем и одново маки и страдања ?

Зарем ќе се надеваш и на оние нечесни големи сили (подвлечено во документот-ММ) кои го блокираат островот Крит[6] и отворено го помагаат истребувањето на незаштитената раја ? Тие големи сили, чиишто топови истребуваат толку многу несреќно робје ? Тие, најпосле, подли и лукави сили, коишто историјата ги прикова на срамниот столб за тој варварски акт ?

Зарем не е таа подла монархистичка Русија, таа што сака да го проголта целиот свет во својата мечкина утроба и која денес најсилно ја поддржува целоста на турската империја ? Зарем не е таа иста "перфидна" руска дипломатија која сака во една капка вода да ги удави сите народи, кои одамна плукаа на одвратниот монархистички режим ? Русија ли е таа што ќе им дава слобода на другите, кога големиот руски народ стенка под козачкиот камшик и гние заточен таму далеку во сибирските рудници ? Срам ! Срам !...

---

[6] Се однесува на интервенција на големите европски сили во времето на востанието за спречување да се отцепи од Османлиската држава и да се присоедини кон матичната држава-

Или, пак банкарите капиталисти и дипломати од Англија, Франција-таа Франција, која го заборави своето славно минато и плука на своите големи традиции за слобода и прогрес. Дали: Италија, Германија и Австрија ќе помислат за ослободување на поробените кога нивните капитали се вложени во турските банки ?

Не, илјада пати не !

Сите крунисани потисници, изедници и тирани создале едно општество, општество на злочинци и џелати за да го држат во ропство потчинетиот работен народ. И попот в црква и верата- сè е во нивна услуга. Дали може еден свесен народ да им се доверува на поповите, тие одвратни црнокапци и сатани кои со крстот во раката проповедат: "Плаши се од Бога, почитувај го царот?"

Не, подалеку од тие изроди кои се во сојуз со сите потисници.

Ниту Бог, ниту господар !

Омраза кон сите цареви и кнезови, спрема сите попови и владици, кои така безобѕирно ги газат народните права !

Веќе настапи времето кога фактичкото право е должно да ја потисне традицијата, вистината да ја победи заблудата, науката да го прогони незнаењето, правдата да ја замени привилегијата !

Зарем денес не треперат сите крунисани паразити пред моќната и победоносна сила на пролетеријатот кој подготвува зближување и братство на народите ? Денес работниот народ го празнува свечено Први мај, со пламенен повик:

Војна на војната ! Мир и братство меѓу народите ! Слобода на поробените народи ! Долу крунисаните народоубијци ! Да живее социјалната република !

И ти, несреќен ***македонски народе*** (курзив-ММ) ! Придружи се на тој повик на радост и надежд и впушти се во нерамната и крвава борба со претсмртните зборови: Слобода или смрт ! Бори се затоа што ти имаш право да се бориш и да победиш !

Зарем ти не гледаш дека сите гледаат на тебе како на дебел плен и сакаат да те парчосуваат како месо ? Бугарската, српската и црногорската влади склучија еден срамен сојуз за да те делат во погоден момент. Плукни на тој нивен срамен акт и подади му рака на работниот народ што денес празнува, кој нема ништо заедничко со своите влади и кој возвишено ја искажа својата солидарност со пролетеријатот (сиромаштијата) од целиот свет.

Денес сите влади се сојузуваат со султанот за да ги поддржат тиранијата и грабежот, да го поддржат дивото турско ропство, под кое секојдневно има илјадници жртви и несреќници...

Денес сите работници, како противтежа на меѓународната конспирација на царевите и кнезовите, си подаваат рака и востануваат здружено

против тие крунисани злочинци, чиишто денови се избројани. Тие влегуваат во сесветската социјалистичка армија, цврсто верувајќи во триумфот на социјалната република.

Одговори на тој пламен братски повик, мил народе ! Напрегни ги своите мажествени сили, засилија својата пламена преданост и енергија кон великото народно дело- и ти ќе бидеш слободен !

Да живее слободна Македонија !

Да живее меѓународниот социјализам !

Да живее братството и ослободувањето на народите !

Да живее Први мај !

Од Македонската револуционерна социјалистичка група.

(ЦДИА-София, ф. 600, оп. 1, ае 1308, л. 2)